ФСС - ФМУ
Универзитет „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ во Скопје
Факултет за музичка уметност - Скопје
Факултетско студентско собрание
Бр. 15-248/1
12.3. 2025 год.
СКОПЈЕ

Архивски знак: 1504
Рок на чување: 1 год.
12. 3. 2025 год.
Потпис,

Врз основа на член 22, 23, 24, 41 и 42 од Статутот на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје, Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје, на седницата одржана на 7.3.2025 година, го распишува следниот

**КОНКУРС**
**за избор на заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје**

**Член 1**

Се распишува избор на заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје.

**Член 2**

Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје, со тајно гласање, избира заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје, со мандат од две години без можност за реизбор.

**Член 3**

Се именуваат тројца студенти во Изборната комисија за спроведување на изборот на заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје, во следниот состав:

1. Никола Ѓоргиев, студент,
2. Наталија Николовска, студент и
3. Горјан Стојановски, студент.

Двајца претставници од наставниот кадар на Факултетот во Изборната комисија ги определува деканот.

**Член 4**

Изборната комисија од член 3 на оваа одлука:

- ја спроведува изборната постапка;
- донесува одлука со која констатира дека пријавените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат пријавени за заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје. Во одлуката се наведува личното име и презиме на кандидатот, дали е запишан во семестарот, односно во годината кога се вршат изборите, студиската година и сл. Одлуката од комисијата е конечна;
- ги утврдува резултатите од гласањето;
- составува записник за резултатите од гласањето на факултетот и за крајниот резултат;
- врши други работи со цел спроведување на изборите.

Изборната комисија донесува Упатство за спроведување на избори на заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје (во натамошниот текст: Упатството).

Упатството се објавува на огласната табла за студенти и веб-страницата на Факултетот за музичка уметност – Скопје, најдоцна 7 дена пред одржување на

изборите заедно со Одлуката со која се констатира дали пријавените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите.

**Член 5**

Се задолжува изборната комисија од член 3 на оваа Одлука изборите за заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје, да ги реализира во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Статутот на на Факултетот за музичка уметност – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Статутот на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје.

**Член 6**

За заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје, може да биде избран редовен студент на Факултетот.

Кандидатите за заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје преку архивата на Факултетот поднесуваат пријава до Изборната комисија најдоцна до 7 април 2025 година.

За заменик на студентски правобранител од редот на студентите на Факултетот за музичка уметност – Скопје, е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од претставниците Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје кои гласале.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а задолжително да се објави на огласната табла за студенти и на веб-страницата на факултетот.

**Претседател**
**Никола Ѓоргиев**